

Градоначалникот на општина Неготино Пане Трајков и директорот на Работничкиот универзитет Коста Солаков на посетителите кои успешно ја завршија обуката за компјутери и странски јазици  им врачија дипломи. Станува збор за реализација на проектот Стручна квалификација – предуслов за подобра перспектива во чие спроведување учество зедоа 100 кандидати од општина Неготино кои предходно се пријавија по распишаниот оглас од страна на локалната самоуправа. Кандидатите кои ја следеа наставата беа поделени во 10 групи и тоа по информатика 5 групи со по 8 учесници, англиски јазик 4 групи со по 13 кандидати, додека францускиот јазик го изучуваше една група од 8 кандидати. Проектот беше финансиран со средства од Буџетот на општина Неготино во висина од 300.000 денари, а градоначалникот Трајков најави дека доколку во буџетот за наредната година се предвидат средства, реализација на уште еден ваков проект може да се очекува и во 2012 година.



